ПО ВЕСТА ДЕКА ПОП-ПЕЈАЧОТ РАСКИНАЛ СО ДЕВОЈКА СИ

# На Тарабунов му дишат во слушалка



Поп-пејачот Александар Тарабунов-Тара (22) е дечко со кој стотици девојки би сакале да започнат љубовна романса. Кога пред два дена ја прекинал љубовната врска со својата девојка и на својот Фејсбук профил ставил статус сингл, за само неколку часа успеал да собере стотина лајкови од припадничките на понежниот пол, кои многу се израдувале од веста.

- Наместо да ми стигаат утешителни пораки поради прекинот на врската, јас овие два дена постојано добивам примамливи пораки од девојки кои сакаат да се забавуваат со мене. Иако со девојката со која раскинав не се работеше за нешто посериозно, сепак, мислев дека барем некоја од моите обожавателки и пријателки ќе има повеќе обѕир и ќе ми каже нешто соодветно на ситуацијата. Но не, напротив, дури се чувствувам како сите едвај да чекале да се скарам со девојката, па да тргнат во поход по мене. Ми стигнаа навистина многу љубовни пораки. Но најмногу ме нервира тоа што деновиве ми се јавуваат на телефон, само ми дишат во слушалка и ништо не кажуваат. Сепак, драго ми е што имам примамливи понуди, а претчувствувам дека за Свети Валентин ќе добијам десетици подароци и стотици љубовни пораки.

Поп-пејачот, покрај редовните настапи во клубовите низ земјава, работи и на новата кантавторска песна, за која ќе сними црно-бел спот и за која текстот за прв пат го напиша тој.

*В. Клинчарова*

# Во продажба билетите за "Златна бубамара"

Денеска во 16 часот, на билетарницата на Универзалната сала, ќе бидат пуштени во продажба билетите за "Златна бубамара на популарноста", манифестацијата која ќе се се одржи на 23 февруари, во Универзалната сала во Скопје.




*Лани гостин беше Оливер Мандиќ*

- Секоја година ги објавуваме точните датум и час кога билетите се пуштаат во продажба. Лани се продадоа за еден час. На луѓето им е здодеано да чекаат по шалтери за лична карта и за откуп на земјиште, па затоа кај нас работите одат брзо - вели Ранко Петровиќ, првиот човек на шоуто кое секоја година ги наградува најпопуларните од македонскиот и од балканскиот јавен живот.

Цената на влезниците е 800 и 1.000 денари. Мотото на годинашново шоу, 14. по ред, е "Водете љубов, а не политика". ***(М.Џ.)***

## Ристе промовира нов спот

Денеска напладне, во Клубот на новинарите во Скопје, Ристе Тевдовски ќе го промовира спотот за песната "Ако се предадеш на друг" од авторите Лазар и Магдалена Цветкоски.

Поп-пејачот го снимаше спотот минатиот месец во Словенија, на најпопуларните туристички места Порторож и Пиран, со видеопродукцијата "Митрумедиа Фелисијан". Главната улога ја има манекенката Тања Зрковиќ, која е заштитно лице на неколку светски брендови, меѓу кои "диор" и парфемите "нина ричи".

**(М.Џ.)**